РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
Бр. 08-а.
17.12. 2024 год.
ДЕЛЧЕВО

**ЗАПИСНИК**

**од втора форумска сесија за Буџетски форум во Општина Делчево**

На 06.12.2024 (вторник) во Мултифункционалниот центар во спомен дом АСНОМ, Делчево, со почеток во 12.00 часот, се одржа втората форумска сесија од Буџетскиот форум за Општина Делчево.

На сесијата беа присутни жители од општината, здруженија на граѓани, бизнис заедницата и претставници на институциииte.

Тони Стоименовски како модератор на форумот им посака добредојде на присутните и ги запозна со правилата на форумот. Присутните беа поделени на работни маси и на истите се дискутираше за потребите на целните групи и можностите за рализација на активности и проекти за буџетот 2025 годиина. Работните маси беа сочинети од претставници на разни целни групи. Покрај оппштинската маса се формираа маси со претставници од месни и урбани заедници, инфраструктура, граѓански организации, спортски здруженија, култура и млади. Модератрот на присутните на форумот ги презентираше резултатите од спроведената анкета за приоритети на општинската веб страна која беше објавена на веб страната на општина Делчево и на која од различни целни групи имаа можнст да предлагаат свои приоритети за буџетот 2025.

Потоа беше побарано од работните маси да ги напишаат заеденичките приоритети при што беа дадени предлози, истите беа анализирани и презентирани од страна на претставници на работните маси. На ова сесија беа предложени следните проектни идеи:

По подготвување на листатата со предлжени проекти се пристапи кон Одлучување за приоритетните проектите (гласање за проекти)

| Предложен приоритет | Гласови | Работна маса |
|---|---|---|
| Обезбедување на просторија и буџет за Младински центар | 40 | Млади |
| Повеќе фин. средства за граѓанските здруженија и спортските клубови | 35 | НВО сектор |
| Пристапни рампи-лифт во ООУ „Ванчо Прке“ | 32 | Образование |
| Просторно прашање за ФГ „Копачка“ | 32 | Култура |
| Дом за стари лица | 31 | |
| Обезбедување на простор или изгрдба на Куќа на | 29 | Спорт |

| | | |
|---|---|---|
| спортот | | |
| Прочистување на патишта во с. Драмче, с. Селник и с. Ветрен | 29 | Инфраструктура |
| Средства за младински совет и Комисија за еднакви можности | 28 | НВО сектор |
| Реконструкција и изградба на нови детски игралишта | 28 | Инфраструктура |
| Изградба на затворен базен | 27 | Спорт |
| Чистење на дива депонија кај река Желевица во с. Тработивиште и уредување на просторот | 26 | Инфраструктура |
| Обновување на детско игралиште кај подрачното училиште во с. Тработивиште | 26 | Инфраструктура |
| Изградба на ул. Петрашевска во нас. Стрелиште | 25 | Инфраструктура |
| Опесочување и тампонирање на пат во с. Косово дабје | 25 | Инфраструктура |
| Реконструкција на селски водовод во с. Ветрен и чистење на диви депонии во с. Ветрен | 25 | Инфраструктура |
| Реконструкција на дел од старата детска градинка | 24 | Образование |
| Тротоари покрај училишната зграда во ООУ „Ванчо Прке" | 23 | Образование |
| Изградба на пат до Филиско маало во с. Драмче | 23 | Инфраструктура |
| Рекреативен парк во ООУ „Св. Климент Охридски" | 22 | Образование |

Од страна на работните маси, освен горенаведените приоритети беа дадени следните препораки:

- Набавка на опрема и уредување на сензорна соба во ООУ „Ванчо Прке"
- Локален пат за с. Селник (опесочување и тампонирање)
- Доизградба на улици во нас. Басарица
- Обезбедување на локација и уредување на кампинг простор
- Нови паркинг места
- Пешачка и велосипедска патека покрај река Габровчица
- Локција за дом за стари лица
- Изградба парк за домашни миленици
- Изградба на нови детски катчиња
- Уредување на патека за пешачење долж кејот на р.Брегалница
- Изградба на велосипедски патеки
- Изградба на скејт парк
- Поставување на урбана опрема и уредување на туристичките локалитети
- Изградба на ул. В.С.Бато во нас. Расадник

**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**- ГРАДОНАЧАЛНИК -**
**Ул.“Светозар Марковиќ” бр.1, 2320 Делчево, Република Македонија**
**Тел/фах: 033/411-550, E-mail: info@delcevo.gov.mk**
**Web: www.delcevo.gov.mk**

Предмет: Покана за учество на форумска расправа

Почитувани,

Општина Делчево има чест и задоволство да Ве покани на првата форумска сесија која ќе се одржи на 26.11.2024 (вторник) во мултифункционлниот центар во спомен дом АСНОМ, Делчево со почеток во 12.00 часот. Преку буџетскиот форум жителите на општина Делчево на форумските сесии ќе имаат можност да се запознаат и да дискутираат за реализацијата на буџетот на општина Делчево за тековната 2024, но и да даваат предлози за планирање на буџетот за следната, 2025 година. Воедно присутните ќе имаат можност да предлагаат, дискутираат и одлучат кои се приоритетни програми и проекти од буџетот за подобар развој на општината. Целта на алатката „Форуми во заедницата“ е да го поддржи процесот на децентрализација и да овозможи учество на граѓаните во развојот на заедницата на локално ниво. Оваа можност претставува платформа за развој што им овозможува на граѓаните, прво, да го подобрат својот живот со сопствени идеи и учество во процесот на донесување одлуки на локално ниво и второ, администрацијата да развие отчетно локално управување преку учество, одговорност и доверба. Присуството на жителите, здруженијата на граѓани, бизнис зедницата и претставниците на институциите, како и нивното активно учество на сесиите ќе биде од особено значење за успешно спроведување на буџетскиот форум и ќе даде голем придонес за креирање на буџетот на општина Далчево. Го очекуваме Вашето присуство.
Со почит.

Дневен ред за прва форумска сесија од буџетски форум 26.11.2024, Општина Делчево

ДНЕВЕН РЕД

12:00-12:15 Добредојде на присутните и вовед во програмата
12:15-12:25 Воведно обраќање од Градоначалникот/претставник од Општината
12:25-12:45 Презентација на буџетскиот Форумски процес
12:45-13:10 Презентација • Процес на буџетирање • Структура на буџетот на општина Делчево
13:10-13:30 Утврдување структура на форумот/распределување по работни маси Утврдување начела за работа
13:30-13:45 Пауза
13:45-14:00 Преглед на реализацијата на буџетот за 2024 (заклучно со трет квартал) и планови за 2025 година
14:00 -14:30 Приоритетите за развој на општината за 2024 год. за програмите култура, спорт, образование и граѓански сектор, Презентација од Општина Делчево Дискусија по работни маси и презентација
14:30- 15:00 Следни чекори (одредување на термин за следна сесија) и Оценка на форумската сесија

Општина Делчево
Градоначалник
Горан Трајковски

**ДНЕВЕН РЕД**

**за втора форумска сесија за буџетски форум**

**Делчево, Мултифункционален центар**

**06.12.2024**

**ДНЕВЕН РЕД**

| | | |
|---|---|---|
| 12:00 – 12:15 | | Добредојде, преглед на активностите од претходните сесии<br>Претставување на целите и дневниот ред на втората форумска сесија |
| 12:15 – 12:20 | | Прзентација на резултатите од спроведен прашалник за собирање предлози за буџет на ЕЛС Делчево за 2025 |
| 12:15 – 12:30 | | Давање на предлог проекти и презентација на проектите од страна на учесниците на форумот ,<br>Презентација на препораките и образложение за нив |
| 12:30 – 12:45 | | Претставување на начинот на гласање и регулирање на правото на глас |
| 12:45 – 13:00 | | Презентација на програмите кои ќе одат на гласање и гласање за програма<br>Презентација на резултатите |
| 13:00 – 13:10 | | Критериуми за избор на проекти |
| 13:10 – 13:20 | | Групирање на приоритетите и одобрување од Форумот |
| 13:20 – 13:40 | | Одлучување за проектите (гласање за проекти)<br>Презентација на резултатите |
| 13:40 – 14:00 | | Формирање на работна група за застапување и следење на форумските предлози и препораки |
| 14:00 – 14:40 | | Консултација со граѓаните за ИРЛП документ |
| 14:40 – 15:30 | | Обраќања од претставник на општина Делчево<br>Оценка на форумот во заедницата од страна на учесниците<br>Затворање на втората форумска сесија |

Општина Делчево

Градоначалник

Горан Трајковски

Формирање на работна група за застапување и следење на форумските предлози и препораки кој е сочинет од три члена и тоа претставник н Месна зедница, претставник на граѓанска организација и претставник на општината.

На форумската сесија е презентиран и процесот за донесување на уште еден важен документ за кој граѓаните имат можност да дискутират на самата форумска сесија но и по е-маил и телефон за документот кој е поставен на веб страната на општина Делчево.

На крајот од форумската сесија се донесоа заклучоци и имаше кратко обраќање од страна на претставникот на општината при што се донесе оценка за спроведените сесии и спроведениот форум со што беше затворена форумската сесија.

Записничар:

Наташа Димитровска